ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАЦИЈА

# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2019- 2021 ГОДИНА



Скопје, **2023**

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАЦИЈА

# ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2019- 2021 ГОДИНА

Скопје, **2023**

**Издавач:** ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** М-р д-р Лидушка Василеска, специјалист по стоматолошка протетика

Флорие Фејзула, медицинска сестра, здравствен статистичар

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска

**Техничка подготовка:**

Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:** Винсет графика

**Тираж:** 20 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616.31:614.2(497.7)"2019/2021"(047)
31:614.1(497.7)"2020"

ВАСИЛЕСКА, Лидушка
Информација за реализирани здравствени услуги во здравствените установи од областа на денталната медицина во Република Северна Македонија во период 2019- 2021 година / [автори Лидушка Василеска, Флорие Фејзула]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, 2023. - 30 стр. : табели, граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-235-118-6

1. Фејзула, Флорие [автор]
а) Здравствени услуги -- Стоматолошка дејност -- Македонија -- 2019-2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 59762181

## Содржина

ПРЕДГОВОР: 7

1. ВОВЕД: 9

2. СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА ПРИМАРНО И СЕКУНДАРНО НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РСМАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА 12

3. РЕАЛИЗИРАНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РСМАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА 14

ЗАКЛУЧОЦИ: 25

ПРИЛОЗИ 26

## ПРЕДГОВОР:

Информацијата е изготвена согласно Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година (Службен весник на РСМ, бр. 33 од 15.2.2022 година) од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести.

Цел на Информацијата е да се презентираат здравствени услуги, посети и реализирана работа во стоматолошката здравствена дејност во РСМакедонија во периодот 2019 – 2021 година.

Извор на податоци се податоците од 10 те Центри за јавно здравје на ниво на РСМакедонија доставени до Институтот за јавно здравје на РСМакедонија и Стоматолошката комора на Македонија за податоци за стоматолошки ординации и кадар во 2022 година.

Податоците се обработени табеларно и графички. Применет е дескриптивно аналитички метод на работа.

# 1. ВОВЕД:

Според Член 15 став (13) од Законот за здравствената заштита, редакциски пречистен текст[1] „Здравствена установа во мрежа“ се јавни здравствени установи и приватни здравствени установи кои вршат дејност врз основа на лиценца, а кои вршат здравствена дејност во мрежата на здравствени установи;

Во став (19) од овој член „Мрежа на здравствени установи“ е определување на потребниот број здравствени установи и видовите на здравствена дејност, односно специјалност кои се обезбедуваат во определени географски подрачја според местото на живеење на корисниците на здравствената заштита, кои треба да се обезбедат во согласност со потребите за здравствена заштита на населението на територијата на Република Македонија;

Според Член 19 став (1) Мрежата на примарно ниво на здравствена заштита (во натамошниот текст: примарно ниво) е поделена на одделни географски подрачја, кои можат да опфатат една или повеќе општини, а согласно со критериумите од членот 17 став (3) од овој закон. Според став (2) За секое подрачје од ставот (1) на овој член се обезбедува вршење на сите видови здравствена дејност на примарно ниво, односно специјалност која согласно со разграничувањето на вршењето на здравствената дејност се вршат на примарно ниво во здравствен дом и во приватни здравствени установи кои вршат здравствена дејност врз основа на лиценца на примарно ниво во мрежата.

Член 20 став (1) Мрежата на секундарно ниво на здравствена заштита (во натамошниот текст: секундарно ниво) е поделена на одделни географски подрачја утврдени согласно со прописите од областа на водење на статистиката и се состои од мрежа на специјалистичко- консултативна дејност и мрежа на болничка здравствена дејност.(2)

Содржината и обемот на специјалистичко-консултативната дејност од ставот (1) на овој член се утврдуваат на ниво на државата, при што се поаѓа од потребата од соодветна достапност на дејноста, која истовремено мора да биде и стручно и финансиски одржлива. Во став (3) Специјалистичко-консултативната здравствена дејност која се врши во здравствен дом од примарно ниво е дел од мрежата на секундарно ниво.

Според Член 24 Мрежата за јавно здравје е составена од јавни здравствени установи

1 Редакциски пречистениот текст на Законот за здравствена заштита, ги опфаќа: основниот текст на Законот објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.145/12, Одлука од Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 59-2002 од 24 април 2013 година „Службен весник на РМ“ бр. 65/13,Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.87/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр 164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.39/14 ), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/14, Одлука на Уставниот суд наРепублика Македонија У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година „Службен весник на РМ“ бр. 101/14, Законот за изменување на Законот за здравствената заштита објавен во “Службен весник на РМ“ бр.132/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“бр.188/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.10/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита,објавен во “Службен весник на РМ“ бр.61/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

- центри за јавно здравје, кои ја вршат дејноста на јавното здравје на сите нивоа на здравствена заштита, чија стручна работа е координирана од Јавната здравствена установа - Институт за јавно здравје на Република Македонија.

Според Член 69 став (1) Ординација на примарно ниво спроведува здравствена дејност ако се исполнети условите за вршење на дејноста по семејна, односно општа медицина, по училишна медицина, педијатрија, медицина на трудот, гинекологија и акушерство и општа стоматологија. Став (2) Ординација на секундарно ниво спроведува специјалистичко - консултативна здравствена дејност од областа на медицината, односно стоматологијата.

Во член 17 од Законот за здравствена заштита став 2 алинеја 3 се наведува дека терцијарно ниво на здравствена заштита се спроведува заради вршење на најсложените здравствени услуги во специјалистичко-консултативната и болничката здравствена дејност кои не е можно или не е добро да се вршат на пониските нивоа на здравствената дејност.

Во чл. 85 став 1 се наведени законските обврски на универзитетските клиники во стоматолошката специјалистичко-консултативна дејност.

Евиденциите служат како извор на податоци за статистички истражувања во областа на здравството, и се користат за следење и проучување на здравствената состојба на населението, планирање, односно преземање на потребни мерки во областа на здравствената заштита, потребите на научните истражувања, потребите на локалната самоуправа, известување на јавноста, извршување на меѓународните обврски во областа на здравството и други потреби на Министерството за здравство и државата.

Евиденцијата во здравството се води согласно релевантна легислатива.

Согласно член 1 од Законот за евиденции во областа на здравството редакциски пречистен текст[2]„ со овој закон се уредуваат евиденциите, збирките на податоци и регистрите од областа на здравството, како и начинот на прибирање, обработка, архивирање и чување на податоците, објавувањето на податоците, обезбедување на квалитетот на податоците и заштита на податоците, како и остварувањето на правата и обврските поврзани со евиденциите во областа на здравството.

Според Член 2 став (1), точка 22. „Овластени носители на здравствена статистика се Институт за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје, кои во прибирањето, обработката и дисеминацијата на податоците применуваат статистички стандарди и методи;" Односно,Институтот за јавно здравје (ИЈЗ)(за територијата на РС Македонија) и Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) (за подрачјата за кои се основани).

Со Член 4 во став (1) е пропишано „Евиденциите во областа на здравството се водат врз основа

2 Редакциски пречистениот текст на Законот за евиденции во областа на здравството ги опфаќа: основниот текст на Законот за евиденции во областа на здравството, објавен во "Службен весник на РМ" бр.20/09,Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденции во областа на здравството, објавен во"Службен весник на РМ" бр.53/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на здравството, објавен во "Службен весник на РМ" бр.164/13 и Законот за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на здравството, објавен во "Службен весник на РМ" бр.150/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена

на начелата на квалитет, ефикасност, ефективност и економичност, при што евиденциите се соодветни, релевантни и во обем којшто одговара на целите што се утврдени со овој закон.“ и став (2) „Медицинските податоци се обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци.“

Според Член 5, став (1) од овој закон „Институтот за јавно здравје на Република Македонија (за територијата на Република Македонија) и центрите за јавно здравје за подрачјата за кои се основани (во натамошниот текст: регионални центри за јавно здравје) се овластени носители на здравствената статистика за евиденциите што се водат во здравствените установи.“ Евиденциите воспоставени со овој Закон, се водат како индивидуални евиденции (поединечни податоци за физички и правни лица) и збирни евиденции (агрегирани податоци). **Водењето на евиденција е составен дел на стручно-медицинската работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници.**

Согласно член 6 (1) Здравствените установи се должни да водат евиденција во основна медицинска документација. (2) Евиденција се води со внесување на податоци во основната медицинска документација (индивидуално медицинско досие, картон, регистар, медицински дневник, историја на болеста и друго), по различни нивоа на здравствена заштита. (3) Основната медицинска документација од ставот (1) на овој член содржи: - лични податоци за поединецот (ЕМБГ; датум на раѓање; пол; име и презиме; име на еден од родителите; припадност на етничка заедница, вероисповест, брачна состојба; образование, занимање; датум на смрт; адреса на постојано живеење, место, општина; занимање; статус во вработувањето (економски статус) и основ за здравствено осигурување), - медицински податоци - податоци за здравствена состојба (дијагноза, датум на посета, планираните посети, број на лекарот, терапија, упатување, причина за привремена неспособност за работа, причина за смрт причина за обработка и социјална анамнеза на семејството) и Службен весник на Република Македонија Редакциски пречистени текстови 6 од 24 - податоци за медицинска нега и други податоци што се поврзани со грижата за пациентот (исхрана и слично). (4) Во основната медицинска документација од ставот (1) на овој член влегуваат и наоди, изјави, мислења и други документи поврзани со здравствената состојба и укажаната здравствена заштита. (5) Видот, формата и содржината на обрасците за водење на основната медицинска документација од ставовите (2) и (4) на овој член ќе ги утврди министерот за здравство.

Во точка 12 од став 1 на член 9 од Законот е утврдено дека здравствените установи согласно дејноста што ја вршат, водат збирна евиденција за стоматолошкиот третман на пациентот.

Во став (6) од член 9 на истиот Закон се утврдува дека:

“Здравствените установи ги внесуваат збирните евиденции од ставот (1) на овој член на секои три месеци во Националниот систем за електронска евиденција во здравството (во натамошниот текст: Националниот систем). (7) Врз основа на тримесечните извештаи од ставот (1) на овој член центрите за јавно здравје изготвуваат шестмесечни (полугодишни) збирни извештаи кои се доставуваат до Институтот за јавно здравје на Република Македонија секој 20 во месецот за претходното шестмесечје. (8) Регионалните центри за јавно здравје доставуваат

годишни извештаи од збирните евиденции од ставот (1) на овој член до Институтот за јавно здравје на Република Македонија најдоцна до 31 јануари за претходната година. (9) Формата и содржината на обрасците, како и начинот на пополнување, водење, обработување и чување на збирните евиденции од ставот (1) на овој член ги утврдува министерот за здравство”.

## 2. СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА ПРИМАРНО И СЕКУНДАРНО НИВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РСМАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА

Во Република Северна Македонија во јавни здравствени установи стоматолошката дејност на ниво на примарна здравствена заштита се спроведува во состав на здравствените домови како детска и превентивна стоматологија и матични стоматолози, а терциерната здравствена заштита се спроведува во Универзитетскиот стоматолошки клинички центар - Скопје и Клиниката за максилофацијална хирургија. Секундарната стоматолошка здравствена заштита (специјалистичко-консултативната дејност) се спроведува во рамки на приватниот сектор.

На ниво на РСМ евидентирани се 1166 ординации кои имаат договор со ФЗОРСМ и се во мрежата на здравствени установи, и според анкета спроведена од Стоматолошката комора на Македонија, 157 се ординации надвор од мрежата.

Најмногу ординации се регистрирани во Скопје и тоа 332 ординации во мрежа и 80 ординации надвор од мрежа, потоа се Тетово со 84 во мрежа и 4 надвор од мрежа, Битола 83 во мрежа и 18 надвор од мрежа, Куманово 72 во мрежа и 1 надвор од мрежа, Гостивар со 67 во мрежа и 1 надвор од мрежа и Прилеп 63 во мрежа и 2 надвор од мрежа.

Најмала застапеност на ординации има во градовите Демир Капија со 1 ординација во мрежа а нема ординации регистрирани надвор од мрежа, Македонска Каменица 2 во мрежа и 0 надвор од мрежа,потоа Кратово, Крива паланка, Пехчево и Богданци со по 3 ординации во мрежа и 0 надвор од мрежа. (Табела 1)

Според анкета направена од Стоматолошката комора на Македонија надвор од мрежата се регистрирани 157 ординации од кој најмногу се во Скопје 80, Битола 18 и Гевгелија12 ординации. Во многу градови (17) како што се Берово, Богданци, Валандово, Виница и др. не се регистрирани ординации. Во градови како Кавадарци се регистрирани 7, Струга 6, Струмица 5, Тетово 4 ординации.

*Табела 1.*

| СТОМАТОЛОШКИ ОРДИНАЦИИ НА НИВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - 2022 | | |
|---|---|---|
| ГРАДОВИ | во мрежа (ФЗОРСМ) | Надвор од мрежа (АНКЕТА СКМ) |
| Берово | 7 | 0 |
| Битола | 83 | 18 |
| Богданци | 3 | 0 |
| Валандово | 7 | 0 |
| Велес | 40 | 3 |
| Виница | 11 | 0 |
| Гевгелија | 25 | 12 |
| Гостивар | 67 | 1 |
| Дебар | 16 | 0 |
| Делчево | 15 | 0 |
| Демир Капија | 1 | 0 |
| Демир Хисар | 5 | 0 |
| Кавадарци | 32 | 7 |
| Кичево | 35 | 0 |
| Кочани | 30 | 4 |
| Кратово | 3 | 0 |
| Крива Паланка | 3 | 0 |
| Крушево | 4 | 0 |
| Куманово | 71 | 2 |
| Македонски Брод | 4 | 0 |
| Македонска Каменица | 2 | 0 |
| Неготино | 14 | 1 |
| Охрид | 42 | 8 |
| Пехчево | 3 | 0 |
| Прилеп | 63 | 2 |
| Пробиштип | 7 | 0 |
| Радовиш | 12 | 0 |
| Ресен | 11 | 1 |
| Свети Николе | 7 | 1 |
| Скопје | 332 | 80 |
| Струга | 37 | 6 |
| Струмица | 57 | 5 |
| Тетово | 84 | 4 |
| Штип | 33 | 2 |
| ВКУПНО: | 1166 | 157 |

Извор: Стоматолошка комора на Македонија

# 3. РЕАЛИЗИРАНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА ДЕНТАЛНАТА МЕДИЦИНА ВО РСМАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОД 2019-2021 ГОДИНА

Во рамките на извршените работи од областа на денталната медицина во 2019, 2020 и 2021 година, според податоците добиени од Извештаите на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) од 10 те Центри за јавно здравје, изготвен е годишен извештај од Институтот за јавно здравје во кој се опфатени: број и процент на реализирани посети во стоматолошката здравствена дејност, посети на 1 жител во стоматолошката здравствена дејност, целосен опфат на здравствените услуги реализирани во стоматолошката здравствена дејност и опфат на здравствените услуги реализирани во стоматолошката здравствена дејност според возрасни групи и тоа предучилишни, училишни деца и младинци и возрасно население над 20 години во Р. С. Македонија во период од 2019 - 2021 година.

## 3.1. Број и процент на реализирани посети во стоматолошката здравствена дејност во РС Македонија во период од 2019 - 2021година

Вкупниот број на посети во 2019 од областа на денталната медицина е 1.216.568. Најголем број од посетите се посети на возрасното население над 20 години со учество од 80,1% во вкупниот број посети, потоа кај училишните деца и младинци со 15,9% и најмалку кај предучилишните деца со 4%. (Табела 2, Дијаграм 1 и 2)

Во 2020 вкупниот број на посети изнесува 689.227. Од тие 72,7% припаѓа на посети на возрасното население над 20 години, 23,5% на посети училишните деца и младинци и 3,8% на предучилишните деца.

Индексот на динамика во 2020/2019 кај населението од РСМ изнесува 57 индексни поени. Кај училишните деца и младинци овој индекс е 83,9 индексни поени, кај предучилишните деца 53,2 и возрасните 51,4. Бројот на посети во 2020 година кај училишните деца и младинци е намален за 16,1% во однос на бројот на посети во 2019 година.

Во 2021 вкупниот број на посети во дејноста денталната медицина изнесува 780.004. Од тие 69,9% припаѓа на посети на возрасното население над 20 години, 24,1% на посети училишните деца и младинци и 6% на предучилишните деца.

Кај населението од РСМ вкупниот индекс на динамика во 2021/2020 изнесува 113 индексни поени. 179,8 индексни поени е кај предучилишните деца, 115,8 кај училишните деца и младинци и 108,9 индексни поени кај возрасните. Бројот на посети во 2021 година кај предучилишните деца е зголемен за 79,8 индексни поени во однос на бројот на посети во 2020 година.(Табела 2)

*Табела* **2.**

**БРОЈ И ПРОЦЕНТ НА РЕАЛИЗИРАНИ ПОСЕТИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ЗДРАВСТВЕНА СЛУЖБА ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО 2019-2021**

| | 2019 | | | | 2020 | | | | Индекс | | 2020 | | | | 2021 | | | | Индекс | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Видови на здравствени услуги | Број | | % | | Број | | % | | 2020/2019 | | Број | | % | | Број | | % | | 2021/2020 | |
| Посети кај лекар – Вкупно – предучилишни | 1216568 | 48946 | *100* | *4,0* | 689227 | 26041 | *100* | *3,8* | 57 | 53,2 | 689227 | 26041 | *100* | *3,8* | 780004 | 46814 | *100* | *6,0* | 113 | 179,8 |
| Посети кај лекар – Вкупно – училишни | | 193350 | | *15,9* | | 162292 | | *23,5* | | 83,9 | | 162292 | | *23,5* | | 187860 | | *24,1* | | 115,8 |
| Посети кај лекар – Вкупно – возрасни | | 974272 | | *80,1* | | 500894 | | *72,7* | | 51,4 | | 500894 | | *72,7* | | 545330 | | *69,9* | | 108,9 |
| Посети кај лекар – Од тие први | 806832 | | | *66,3* | 487969 | | | *70,8* | 60,5 | | 487969 | | | *70,8* | 531363 | | | *68,1* | 108,9 | |
| Посети кај лекар – Сериски | 109468 | | | *9,0* | 55321 | | | *8,0* | 50,5 | | 55321 | | | *8,0* | 40766 | | | *5,2* | 73,7 | |
| Однос на први со вкупен број на посети | *0,7* | | | | *0,7* | | | | | | *0,7* | | | | *0,7* | | | | | |

Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

Од вкупниот број на посети 2019-2021 година најмногу посети се реализирани во 2019 година а најмалку во 2020 година. (Дијаграм 1и 2)

*Дијаграм 1. Број на реализирани посети кај лекар во стоматолошката здравствена дејност во РСМакедонија, 2019-2021г*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

*Дијаграм 2. Број на реализирани посети во стоматолошката здравствена дејност во РС Македонија во период од 2019 - 2021г, според возраст*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

## 3.2. Посети на 1 жител кај лекар во стоматолошката здравствена дејност во РСМакедонија во 2019-2021

Во 2019 во дејноста дентална медицина од реализираните 1 216 568 посети кај лекар, 0,6 посети се реализирани по жител. Во 2020 од вкупниот број реализирани посети, посетите по жител изнесуваат 0,3, а во 2021 се направени 0,4 посети по жител. (Табела 3)

*Табела 3.*

| ПОСЕТИ НА 1 ЖИТЕЛ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА ВО 2019-2021 | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2019 | | | | 2020 | | | | 2021 | | | |
| Видови на здравствени услуги | | | посети на 1 жител | | | | посети на 1 жител | | | | посети на 1 жител | | | |
| Посети кај лекар | Вкупно | предучилишни | 1216568 | 48946 | 0,6 | *0,3* | 689227 | 26041 | 0,3 | *0,2* | 780004 | 46814 | 0,4 | *0,3* |
| | | училишни | | 193350 | | *0,6* | | 162292 | | *0,5* | | 187860 | | *0,6* |
| | | возрасни | | 974272 | | *0,6* | | 500894 | | *0,3* | | 545330 | | *0,3* |
| | Од тие први | | 806832 | | | | 487969 | | | | 531363 | | | |
| | Сериски | | 109468 | | | | 55321 | | | | 40766 | | | |
| Однос на први со вкупен број на посети | | | *0,7* | | | | *0,7* | | | | *0,7* | | | |
| Дневен просек на посети кај стоматолог | | | *4,4* | | | | *2,5* | | | | *3,9* | | | |

Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

## 3.3. Здравствени услуги реализирани во стоматолошката здравствена дејност во РС Македонија во 2019- 2021

Во 2019 година во областа на денталната медицина се извршени вкупно 1.247.371 здравствени услуги, од кои 61% припаѓаат на конзервативно лекување (пломбирање), 12% на други хируршки интервенции, 10% на вадење на забите, по 6% на ортодонција и лекување на забите и 5 % на протетски работи.

Во 2020 година се извршени 475.857 здравствени услуги, од кои на конзервативно лекување (пломбирање) се 52%, 14% на други хируршки интервенции, 15% на вадење на забите, 10% % на протетски работи, 6% на ортодонција и 4% лекување на забите, а во 2021 од 551.025 извршени здравствени услуги 43% се конзервативно лекување (пломбирање), 21% други хируршки интервенции, по 12% припаѓаат на ортодонција и извадени заби, 7% на протетски изработки и 5% на лекување на забите.

Од вкупниот број на здравствени услуги во сите години најзастапено е козервативното лекување (пломбирање) на забите.

Важно е да се истакне дека вкупниот број на здравствени услуги во 2021 и 2020 година е значитално намален во однос на 2019 година. Во 2021 година биле извршени 551.025 прегледи што претставува намалување за 55,8%, а во 2020 година биле извршени 445.857 што претставува намалување за 64,9% во однос на 2019 година кога биле извршени 1.247.371 прегледи.

Структурата на извршените услуги според вид во стоматолошката здравствена дејност / денталната медицина е прикажана во табела 4, дијаграм 3 и 4

*Табела 4.*

**ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО СТОМАТОЛОШКАТА ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ ВО Р. С.МАКЕДОНИЈА ВО 2019- 2021**

| Година | ВКУПНО | ИЗВРШЕНА РАБОТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Извршено конзервативно лекување (пломбирање) | Хируршки интервенции | | Протетички работи | Ортодонција | Лекување на меки ткива |
| | | | Извадени заби | Други интервенции | | | |
| 2019 | 1247371 | 752896 | 124005 | 150345 | 62784 | 78698 | 78643 |
| CE | | | | | | | |
| Предучилишни | 9111 | 3230 | 725 | 2264 | 2556 | 203 | 133 |
| Училишни | 134912 | 53261 | 9470 | 17390 | 34565 | 18632 | 1594 |
| Возрасни | 1103348 | 696405 | 113810 | 130691 | 25663 | 59863 | 76916 |
| 2020 | 475857 | 242638 | 71432 | 69470 | 46764 | 27284 | 18269 |
| CE | | | | | | | |
| Предучилишни | 8274 | 4940 | 1469 | 1340 | 189 | 140 | 196 |
| Училишни | 122677 | 56147 | 10617 | 10277 | 31382 | 12830 | 1424 |
| Возрасни | 344906 | 181551 | 59346 | 57853 | 15193 | 14314 | 16649 |
| Индекс2020/2019 | 38,1 | 32,2 | 57,6 | 46,2 | 74,5 | 34,7 | 23,2 |
| CE | | | | | | | |
| Предучилишни | 90,8 | 152,9 | 202,6 | 59,2 | 7,4 | 69,0 | 147,4 |
| Училишни | 90,9 | 105,4 | 112,1 | 59,1 | 90,8 | 68,9 | 89,3 |
| Возрасни | 31,3 | 26,1 | 52,1 | 44,3 | 59,2 | 23,9 | 21,6 |
| 2021 | 551025 | 235183 | 68608 | 118543 | 38464 | 63809 | 26418 |
| CE | | | | | | | |
| Предучилишни | 31959 | 16038 | 4661 | 6453 | 3233 | 826 | 748 |
| Училишни | 139118 | 47166 | 10272 | 35018 | 21468 | 21201 | 3993 |
| Возрасни | 379948 | 171979 | 53675 | 77072 | 13763 | 41782 | 21677 |
| Индекс2021/2020 | 115,8 | 96,9 | 96,0 | 170,6 | 82,3 | 233,9 | 144,6 |
| CE | | | | | | | |
| Предучилишни | 386,3 | 324,7 | 317,3 | 481,6 | 1710,6 | 590,0 | 381,6 |
| Училишни | 113,4 | 84,0 | 96,8 | 340,7 | 68,4 | 165,2 | 280,4 |
| Возрасни | 110,2 | 94,7 | 90,4 | 133,2 | 90,6 | 291,9 | 130,2 |

Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

*Дијаграм 3. 3 дравствени услуги реализирани во стоматолошката здравствена дејност во РСМакедонија, 2019 - 2021 година*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

*Дијаграм 4. Број на реализирани здравствени услуги според вид во стоматолошката здравствена дејност во РСМакедонија, 2019 – 2021 година*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

## 3.4. Посети и реализирани здравствени услуги во стоматолошката здравствена дејност по градови во РСМакедонија во 2019-2021

Во анализираниот период 2019-2021 година најголем број на посети по 1 жител се реализирани во Прилеп, додека во 2019 и 2020 година најмал број на посети е реализиран во Гостивар, а во 2021 година во Кичево.

Од извршените здравствени услуги по 1 жител, најголем број во 2019 г се реализирани во Тетово, 2020 во Крушево и 2021 во Прилеп, додека најмал број на реализирани услуги по 1 жител во 2019 и 2020 г се реализирани во Гостивар, а 2021 г во Дебар. (Табела 5 во Прилог, Дијаграм 5 и 6)

*Дијаграм 5. Број на реализирани посети по градови во РСМакедонија во стоматолошката здравствена дејност, 2019-2021 година*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

*Дијаграм 6. Број на реализирани здравствени услуги по градови во РСМакедонија во стоматолошката здравствена дејност, 2019-2021 година*




Извор: Извештај на службата за лекување на устата и забите (Обр.бр.3-09-60) – ИЈЗ

### *3.4.1. Посети и реализирани здравствени услуги во стоматолошката здравствена дејност по градови во РСМакедонија во 2019-2021 - предучилишни деца*

Најголем број на посети по 1 жител на предучилишни деца, во анализираниот период 2019-2021 година, се реализирани во Неготино, Гевгелија, Кавадарци во 2019 година. Во 2020 градови со најголем број реализирани посети се Валандово, Крушево и Прилеп, а во 2021 година се Демир Хисар и Битола.

Најмал број на реализирани посети на 1 жител во 2019 година има во Ресен и Струмица, во 2020 година најмал број на реализирани посети се забележани во Струга, Св. Николе и Охрид, а во 2021 во Св Николе, Ресен Кочани и Берово.(Табела 6 во Прилог)

Од извршените здравствени услуги по 1 жител, најголем број во 2019 г се реализирани во Прилеп, Крушево и Кавадарци, во 2020 во Крушево и Валандово, а во 2021 Крушево, Битола и Демир Хисар. Најмал број на реализирани здравствени услуги во 2019 се забележани во Берово, Делчево и Виница. Во 2020 во Берово; Струмица, Охрид, Неготино и Пробиштип, а во 2021 во Ресен и Радовиш.

Важно е да се истакне дека во повеќе градови во РСМакедонија нема прикажано реализација на здравствени услуги како што се: Кратово, Куманово, Крива Паланка во анализираниот период,Тетово во 2019, Дебар во 2019 и 2020, Скопје и Делчево во 2020. (Табела 6 во Прилог)

### *3.4.2. Посети и реализирани здравствени услуги во стоматолошката здравствена дејност по градови во РСМакедонија во 2019-2021 - училишни деца и млади*

Во анализираниот период 2019-2021 година најголем број на посети по 1 жител кај училишни деца и млади се реализирани во Прилеп и Кичево, а во 2021 година во Битола.

Најмалку посети на училишни деца и млади во 2019 и 2020 година се реализирани во Гостивар и Скопје, во 2021 година најмал број на посети се забележани во Куманово и Ресен. (Табела 7 во Прилог)

Од извршените здравствени услуги по 1 жител, најголем број во 2019 и 2020 година се реализирани во Прилеп, Крушево и Кичево. Во 2021 година најмногу реализирани здравствени услуги се реализирани во Прилеп и Куманово.

Најмал број на реализирани здравствени услуги по 1 жител се забележани во Гостивар и Тетово во 2019 година, во Скопје и Куманово 2020 година и во Дебар, Ресен и Тетово во 2021 година.

Во 2019 и 2020 година во Кратово и Крива Паланка нема прикажано реализација на здравствени услуги за училишни деца и млади. Во 2019 г. во Скопје и Тетово не е приказана реализација на извршена работа, а во 2020 г. во Гевгелија. (Табела 7 во Прилог)

### *3.4.3. Посети и реализирани здравствени услуги во стоматолошката здравствена дејност по градови во РСМакедонија во 2019-2021 - возрасно население над 20 години*

Во анализираниот период 2019-2021 година најголем број на посети по 1 жител кај возрасно население над 20 години во 2019 година се реализирани во Прилеп, Битола и Крушево, во 2020 г Прилеп, Битола, Скопје Крушево и во 2021 година во Крушево.

Најмал број на посети по 1 жител кај возрасно население над 20 години во 2019 година се реализирани во Гостивар, Струга и Кичево , во 2020 година во Гостивар и Струга. Во 2021 најмал број на посети по 1 жител се реализирани во Гостивар, Дебар и Струга.

Од извршените здравствени услуги по 1 жител кај возрасно население над 20 години, најголем број во 2019 година се реализирани во 2019 година се реализирани во Тетово и Крива Паланка, во 2020 г во Прилеп и Битола и во 2021 година во Берово, Виница и Кратово.

Најмал број на извршените здравствени услуги по 1 жител кај возрасно население над 20 години во 2019 година се реализирани во Охрид и Струга , во 2020 година во Струга, Гостивар и Охрид. Во 2021 најмал број на посети по 1 жител се реализирани во Дебар и Гостивар. (Табела 8 во Прилог)

